**20182394477**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 64 став (3) од Законот за меѓународна и привремена заштита* („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/18), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛОБОДА НА ДВИЖЕЊЕ НА БАРАТЕЛ НА ПРАВО НА МЕЃУНАРОДНА И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за ограничување на слобода на движење на барател на право на меѓународна и привремена заштита (во натамошниот текст: барател на право на азил).

Член 2

(1) Организациската единица во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), надлежна за постапување во случите од член 63 став (2) алинеи 1, 3 и 4 од Законот за меѓународна и привремена заштита* (во натамошниот текст: Законот), доставува барање до надлежната организациска единица за азил во кое ги наведува причините за ограничување на слобода на движење на барател на право на азил.

(2) За случајот од член 63 став (2) алинеја 2 од Законот, надлежната организациска единица за азил доставува барање до надлежната организациска единица за гранични работи и миграции во Бирото за јавна безбедност во Министерството (во натамошниот текст: надлежната организациска единица за гранични работи и миграции), во кое ги наведува причините за ограничување на слобода на движење на барател на право на азил.

(3) Барањето од ставовите (1) и (2) на овој член содржи: лични податоци на барателот на азил за кој се бара ограничување на слобода на движење, причините, видот на мерката за ограничување на слобода на движење на барателот на азил, како и рокот на траење на мерката за ограничување на слобода на движење на барателот на право на азил.

(4) По поднесеното барање од ставовите (1) и (2) на овој член надлежната организациска единица за азил изготвува барање за донесување решение со кое на барателот на право на азил му се изрекува мерка - сместување во Прифатен центар за странци, кое го доставува до надлежната организациска единица за гранични работи и миграции.

Член 3

Решението со кое се изрекува мерката - сместување во Прифатен центар за странци на барателот на азил го изготвува надлежната организациска единица за гранични работи и миграции, по претходно добиено барање од надлежната организациска единица за азил од член 2 став (4) од овој правилник.

Член 4

(1) Организациската единица во Министерството, надлежна за постапување во случите од член 63 став (2) алинеи 1, 3 и 4 од Законот, која до надлежната организациска единица за азил го поднела барањето за ограничување на слобода на движење на барател на право на азил, може да побара продолжување на мерката за ограничување на слобода на движење - сместување во Прифатен центар за странци.

(2) За случајот од член 63 став (2) алинеја 2 од Законот, надлежната организациска единица за азил може да побара продолжување на мерката за ограничување на слобода на движење - сместување во Прифатен центар за странци од надлежната организациска единица за гранични работи и миграции.

(3) Доколку организациската единица од ставот (1) на овој член не побара продолжување на мерката за ограничување на слобода на движење, - сместување во Прифатен центар за странци, надлежната организациска единица за азил писмено се обраќа до истата, со цел да утврди дали се уште постојат причините поради кои настапило ограничување на слободата на движење на барателот на право на азил, пред истекување рокот на мерката.

(4) Причините за продолжување на мерката за ограничување на движење - сместување во Прифатен центар за странци, се составен дел и се образложени во барањето за продолжување на мерка за ограничување на слобода на движење.

(5) По барањето за продолжување на мерката за ограничување на слобода на движење од ставовите (1) и (2) на овој член, надлежната организациска единица за азил доставува барање до надлежната организациска единица за гранични работи и миграции за продолжување на мерката за ограничување на слобода на движење - сместување во Прифатен центар за странци.

(6) Надлежната организациска единица за гранични работи и миграции изготвува ново решение за продолжување на ограничување на слободата на движење на барателот на право на азил во Прифатниот центар за странци.

Член 5

(1) Мерката за ограничување на слобода на движење - сместување во Прифатен центар за странци, може да се прекине и пред рокот на траење наведен во решението за ограничување на слобода на движење, доколку престанат причините за одредување на мерката.

(2) Престанокот на причините за одредување на мерка ограничување на движење на барател на право на азил го констатира организациската единица во Министерството, надлежна за постапување во случите од член 63 став (2) алинеи 1, 3 и 4 од Законот и за истото писмено ја известува надлежната организациска единица за азил.

(3) За случајот од член 63 став (2) алинеја 2 од Законот, надлежната организациска единица за азил го констатира престанокот на причините за одредување на мерка ограничување на движење на барател и писмено ја известува надлежната организациска единица за гранични работи и миграции.

(4) По констатираниот престанок на причините од ставовите (1) и (2) на овој член, надлежната организациска единица за азил писмено ја известува надлежната организациска единица за гранични работи и миграции за потребата од престанок на мерка ограничување на движење на барател на право на азил во Прифатниот центар за странци.

(5) Надлежната организациска единица за гранични работи и миграции изготвува решение за престанок на мерката за ограничување на слобода на движење во Прифатниот центар за странци.

(6) Надлежната организациска единица за азил писмено го известува барателот на право за азил за донесеното решение за престанок на мерката за ограничување на слобода на движење во Прифатниот центар за странци.

Член 6

Решение за забрана за движење надвор од Прифатен центар за баратели на азил или друго место за сместување определено од страна на Министерството за труд и социјална политика на барателот на право на азил, како и продолжување или прекинување на решението со кое е изречена мерката, го изготвува надлежната организациска единица за азил за случаите од член 63 став (2) од Законот.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-107565/1
20 декември 2018 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.